Општинско основно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ – Кисела Вода, Скопје

# ДЕЛОВНИК

за работата на Советот на родители

на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Кисела Вода

Советот на родители на „Кирил Пејчиновиќ“ – Кисела Вода, Скопје го донесе:

# ДЕЛОВНИК

## за работата на Советот на родители

## на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Кисела Вода

## **Општи одреби**

**Член 1**

Со овој Деловник се утврдува начинот и формирањето на Советот на родители на училиштето, задачите и начинот а неговото работење (во натамошниот текст Советот).

**Член 2**

Одредбите на овој деловник се однесуваат на членовите на Советот на родители.

**Член 3**

Советот на родители делува во рамките на соработката на училиштето со родителите со цел разгледување на прашања од заеднички интерес за работата на училиштето и учениците, како и за прашања поврзани со реализација на процесот на воспитно образовната работа во училиштето.

**Член 4**

Советот на родителите се формира на почетокот на учебната година.

**Член 5**

Бројот на членовите на Советот на родители зависи од бројот на паралелки во училиштето.

Претставникот од секоја паралелка го избираат родителите на првата средба со родители на почетокот на учебната година со мнозинство гласови од вкупниот број на родители на учениците од паралелката.

**Член 6**

Мандатот на членовите на Советот на родители на училиштето трае од период на започнување период на завршување на основното образование на нивното дете.

**Член 7**

На членовите - родители од Советот на родители на училиштето функцијата им престанува доколку нивното дете своето образование го продолжи во друго училиште. Функцијата на член на Советот на родители престанува и по лично барање на родителот.

**Член 8**

На членот на Советот на родители на училиштето му престанува мандатот со отповикување заради неоправдано отсуство на состаноците од најмалку три состаноци, како и поради неизвршување на опдредени задачи дадени од страна на Советот.

Отповикувањето се врши на состанок со родителите на паралелката од која е именуван членот на Советот кој се отповикува.

**Член 9**

Во случај на отповикување на член или престанок на функцијата по друг основ се врши избор на нов член на Советот.

**Член 10**

Првото свикување на Советот на родители го врши директорот на училиштето. Директорот претседава со конститутивната седница до изборот на претседател на Советот.

**Член 11**

Советот на родители на училиштето од своите редови бира Претседател на Советот, како и негов заменик.

**Член 12**

Изборот на претседател и замени - претседател се врши на првиот состанок при конституирање на Советот на родители на училиштето. Изборот се врши по пат на тајно гласање.

За претседател на Советот на родители, односно негов заменик, е избран членот на Советот со најмногу гласови.

**Член 13**

Мандатот на претседателот и неговиот заменик е со времетраење од три години.

**Член 14**

Претседателот и заменик претседателот на Советот на родители за својата работа одговараат пред Советот на родители на училиштето. Претседателот и заменик претседателот се грижат за правилна примена на одредбите на овој Деловник.

**Член 15**

Членовите на Советот на родители се должни да присуствуваат на состаноците и активно да учевствуваат на истите.

**Надлежности на Советот на родители**

**Член 16**

Советот на родители на основно училиште:

- Дава мислење за предлог Годишната програма на училиштето;
- Расправа за Извештајот за работа на училиштето, како и за подобрување на успехот и поведението на учениците;
- Предлага програми за подобрување на стандардите на наставата;
- Дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди;
- Се вклучува во организирање на јавниот и културниот живот на учениците, спортски и други манифестации, заштита на животната средина во училиштето и надвор од него;
- Избира тројца претставници на Училишниот одбор, со непосредно и тајно гласање;
- Ги организира и другите родители за учество и реализација на јавниот и културниот живот во училиштето;
- Ги ангажира родителите за собирање донации за обновување на инвентарот, опремување на училиштето, помагање на учениците - социјални случаи;
- Активно учествува во реализација на меѓу училишната соработка во градот и надвор од него;
- Дава предлози и мислења до Советот на наставници и до Училишниот одбор за други прашања кои се од интерес за учениците и училиштето.

**Член 17**

Советот на родители може да формира комисии кои ќе извршуваат одделни задачи во надлежност на Советот.

Составот на комисиите, нивните задачи и рокот за нивно извршување го утврдува Советот.

Членовите на Комисиите за својата работа се одговорни само пред Советот.

## Подготовка, свикување и работа на состаноците на Советот на родители

**Член 18**

Советот на родители на училиштето работи на состаноци.

**Член 19**

Состанокот на Советот на родители го свикува и со него раководи претседателот на Советот, а во негово отсуство неговиот заменик.

Состанокот се свикува најмалку три дена пред одржување на седницата со покана со дневен ред.

**Член 20**

На состанокот се повикуваат претставници на стручни и други органи на училиштето, како и други лица кои се од интерес за училиштето.

**Член 21**

Состаноците се одржуваат еднаш месечно или по потреба.

Претседателот е должен да го обезбеди потребниот материјал за непречена работа на Советот.

**Член 22**

На состанокот се води запосник кој го заверува со потпис претседателот и записничарот. Пред секој состанок се разгледуваат и усвојуваат заклучоците.

**Член 23**

Записникот го води записничар кој се избира од редот на Советот на родители при првиот конститутивен состанок.

**Член 24**

Советот на родители соработува со директорот, стручните соработници и наставниците – одделенски и класни раководители.

## Завршни одредби

### Член 25

Измени и дополнување на овој Деловник се вршат на ист начин како при неговото донесување.

Иницијатива за измени и дополнувања можат да дадат: родителите на учениците, членовите на Советот на родителите на училиштето, Советот на наставници, како и Училишниот одбор.

### Член 26

Овој деловник стапува на сила на денот на неговот донесување

Скопје 02.10.2018 година Претседател на Совет на родители

Лариса Оранска